## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ЗАБОЛУВАЊА” ОД ДОЦ. Д-Р ВЕЛО МАРКОВСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2502-244/104 од 126. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 1 октомври 2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Никола Пановски, редовен професор на Институт за микробиологија и паразитологија при Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,
- проф. д-р Милка Здравковска, вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис **„СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ЗАБОЛУВАЊА“ од доц. д-р Вело Марковски,** наменет за студентите од прв циклус студии на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Понудениот ракопис од доц. д-р Вело Марковски со наслов „СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ЗАБОЛУВАЊА“ како скрипта за објавување во електронска форма на веб-страницата од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип е наменет за предметот Сексуално преносливи заболувања во деветтиот семестар за студентите на Општа медицина, со неделен фонд на часови од 2 + 0 + 1 и студентите на стручните студии за медицински сестри/медицински техничари со неделен фонд на часови од 2 + 0 + 1, сите на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Приложениот ракопис на доц. д-р Вело Марковски е во согласност со Предметната програма за предметот Сексуално преносливи заболувања, па авторот на почетокот од учебникот ја нуди токму таа Предметна програма, според која е елаборирана наставната материја во ракописот.

Ракописот на доц. д-р Вело Марковски според обемот ги задоволува основните критериуми за објавување на рецензиран учебник во електронска форма, според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Имено, станува збор за скрипта што е изработена врз основа на една специфична предметна програма од областа на сексуално преносливите заболувања, составена од предметниот наставник доц. д-р Вело Марковски. Оваа скрипта ќе биде голем придонес поради тоа што досега на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип нема електронска форма на комплетен учебник по предметот Сексуално преносливи заболувања, кој би бил наменет за студиските групи за кои во наставните програми е предвидено изучувањето на овој предмет со сите наставни единици предвидени со програмата. Токму затоа, скриптата по предметот Сексуално преносливи болести од доц. д-р Вело Марковски се јавува како неопходен наставен материјал што на студентите во голема мера ќе им го олесни совладувањето на мошне сложената но и важна материја, болести со кои често и во голем број ќе се сретнуваат во својата понатамошна пракса. При изработката на овој труд авторот консултирал бројни библиографски извори што се однесуваат на сексуално преносливите болести. Скриптата е во обем предвиден со Наставната програма, со вкупно 98 страници. Досега во РМ не е издадена скрипта или учебник што целосно ќе ја опфаќа целокупната проблематика.

На почетокот е дадена содржината што ќе им ја олесни на студентите ориентацијата во понудениот материјал од учебното помагало. Веднаш потоа е даден еден сосема кус предговор во кој авторот наведува што опфаќа скриптата и кому е наменета. Материјата, пак, што се презентира во оваа скрипта е систематизирана во тринаесет теми:

1. *Во воведот* авторот пишува за значењето што во последно време им се дава на сексуално преносливите болести, напорите на СЗО да го продолжи просечниот живот на човекот со ставање под контрола на сексуално преносливите болести, наспроти историската стигма кога овие заболени биле казнувани, важноста сите овие заболувања да се соберат во еден предмет со цел полесно дијагностицирање и лекување;
2. Во втората тема е опишан *сифилисот,* неговото значење како заболување што оставило длабок белег во историјата на хуманата медицина, но и заболување кое и денес има големо значење со голем број новозаболени во светот, посебно се назначени патогномичните знаци по кои идниот лекар ќе може да препознае сифилис;
3. Третата тема се однесува на гонорејата, со задржување и диференцирање на онороичен од неонороичен уретритис, епидемиолошите, клиничките карактеристики на гонорејата, како и дијагностичките и терапевтските можности;
4. Во четвртата тема се опишани хламидиските инфекции, етиолошките поделби, епидемиолошките карактеристики, сосема доволно се опишани карактеристиките на хламидија пситачи и хламидија пнеумоние, а посебна тежина е дадена во описот иначењето на хламидија трахоматис како често сексуално преносливо заболување. Во ова поглавје авторот на кратко ги опишува и диференцијално дијагностички значајните болести кои се јавуваат само во тропските подрачја, како што се лимфогранулома венерум, гранулома венерум, мекиот чир;
5. Во петтото поглавје се опишани микоплазма инфекциите, нивната застапеност во сексуално преносливите болести, клиничките и епидемиолошките карактеристики, како и моќностите за дијагноза и лекување;
6. Во шестото поглавје на еден јасен, концизен начин е опишана ХИВ инфекцијата и преминот во СИДА, значењето на оваа болест, современите епидемиолошки сознанија, како и современите дијагностички методи, но и можностите што ги дава антиретровирусната терапија за продолжување на животот на овие заболени;
7. Во седмото поглавје е опишан хепатитис Б, неговото значење во хуманата патологија, големиот број на заболени со хроничен хепатитис, високата застапеност во општата смртност, а во ова поглавје авторот потенцира одредени дијагностички и клинички карактеристики воден од сопствените искуства;
8. Осмото поглавје се однесува на ХПВ инфекциите во кое се дадени современите сознанија, поделби, влијанието врз малигните заболувања, дилемите и можностите за превенција. Во ова поглавје е даден опис на дијагностичките можности, дилеми, а посебно е опишан ПАП тестот;
9. Деветтото поглавје ги објаснува многу застапените херпес инфекции, современата поделба, со задржување на сексуално преносливите херпес инфекции, односно ХСВ1 и ХСВ2, раната појава на ХСВ 1, значењето на гениталниот херпес, како и честите рецидиви;
10. Десеттото поглавје е посветено на инфекцијата *трихомонас вагиналис*, значењето на ова заболување во животот на жената, но и влијанието врз здравјето и сексуалниот живот на мажот;
11. Во единаесеттото поглавје се опишани габичните инфекции, нивната поделба, значењето во хуманата патологија, а посебно авторот се задржал на *кандидијазите*, нивното големо влијание врз сексуалниот живот, но и здравјето пред сè на жената, но и влијанието на вагиналната кандидијаза врз појавата на кандида инфекции кај мажот;
12. Во дванаесеттото поглавје е даден опис на *педикулозата*, како болест која може и сексуално да се пренесе, нејзиното значење и лекување;
13. Во тринаесеттото поглавје е опишан *скабиесот*, можноста и значењето овој паразит да се пренесе и по сексуален пат со што диференцијално дијагностички би се размислувало кога има појава на чешање и осип по сексуален однос;

На крајот од учебникот, под насловот Литература се цитираат поголем број референци што се користени при изработката на оваа скрипта што истовремено претставува и дополнителна информација за користење на литература за оние студенти што ќе имаат желба да навлезат многу подлабоко во областа на сексуално преносливите болести.

Како што потенцира и авторот во предговорот и воведот, идејата на ова учебно помагало е да им ја приближи на студентите оваа богата патологија, болести кои досега се изучуваа во многу различни дисциплини во медицината, со цел на едно место да се соберат сите досега познати причинители и болести кои можат да се јават по сексуален однос. Тоа бездруго значи дека доц. д-р Вело Марковски во оваа скрипта умешно и успешно ги искомбинирал теориските и практичните сознанија на сексуално преносливите болести.

## ЗАКЛУЧОК

При презентирањето на материјата во скриптата, авторот применува современи начела и принципи и од методски и од методолошки аспект. Наставните единици се елаборирани системски, децидно и сосема прегледно, што е основен предуслов студентите да можат лесно да ја следат, да ја совладаат и да ја разберат суштината на предочената содржина од областа на сексуално преносливите болести и инфекции. Скриптата претставува значајно дело кое со својата структура и намена е новина, со оглед на тоа дека на нашиот факултет нема комплетен учебник по предметот Сексуално преносливи болести, кој би бил наменет за студентите на Општа медицина и стручните студии за медицински лаборанти. Секако, учебникот е еднакво корисен и за студентите од другите студиски програми на стручните студии, како и за веќе дипломираните студенти, студентите на втор циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и како прирачник за брзо повторување и потсетување на претходно наученото за студентите од трет циклус студии.

Според гореизнесено, може да се заклучи дека скрипата со наслов „СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ЗАБОЛУВАЊА“ од доц. д-р Вело Марковски ги задоволува критериумите за објавување во форма на рецензирана скрипта. Како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип да го прифатат овој труд за објавување како електронско учебно помагало - скрипта на веб-страницата во е-библиотеката на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Никола Пановски, с.р.**
**Проф. д-р Милка Здравковска, с.р.**